Почитувани сограѓани, пријатели, соседи

Да се биде градоначалник на општина Илинден е голема чест, но и голема одговорност. Оние кои ме познаваат знаат дека јас не сум човек кој се повлекува пред предизвиците и проблемите. Верувам дека со напорна и посветена работа работите може да тргнат напред и токму затоа решив да се исправам пред вас и да се кандидирам за гродоначалник на нашиот Илинден.

Како советник во општинскиот совет од 2009-2013 год. имав можност да учествувам во носењето на одлуки и проекти во интерес на граѓаните од сите населени места. Но, патот по кој се движеше досегашниот градоначалник е погрешна. Илинден ја претставува како една од најразвиените општини, а развојот го темели единствено на продажба на градежно неизградено земјиште. Но и покрај сите тие силни продажби, долгот на општината се зголеми за дополнителни 2 милиони евра.

Драги сограѓани,

Мораме да ставиме крај на ова расипничко однесување! Работите во општината се многу лоши, имаме општина која е презадолжена а од власта е претставувана како развојна, живееме во општина во која владее анархија. Спремен сум со моето политичко и работно искуство состојбата во општината да ја променам од НЕГАТИВНА во ПОЗИТИВНА.

Промената ќе ја почуствуваат граѓаните во сите дванаесет населени места, сите вработени во општинската администрација, наставниците, стопанствениците, земјоделците, младите, пензионерите...

Ветувам дека ќе ги вложам сите свои  напори општина Илинден да стане богата општина во функција на сите граѓани без оглед на нивната национална, верска и партиска определба, општина во која максимално ќе се почитуваат рамноправноста, еднаквите можности, половата припадност и социјалниот статус, општина која ќе создава реални услови за благосостојба на сите свои жители.

Со надеж дека ќе се препознаете во мојата визија,

Со почит,

Миле Велиновски

# ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Коалицијата „Сојуз за иднината„, преку Заедницата на единиците на локалната самоуправа, ќе се залага за:

- Понатамошна децентрализација на власта, пренесување надлежности од државно ниво на локалните самоуправи, промени поврзани со здравството и социјалната заштита, се со цел да се обезбеди повисок степен на самостојност во однос на државните органи;

- Јакнење и зголемување на имотот на општината како можност за поголеми сопствени приходи и профитабилни вработувања;

- Понатамошна фискална децентрализација, со цел да се обезбедат стабилни извори на приходи за локалната самоуправа;

- Зголемување на процентот на ДДВ наменет за општините

- Јакнење и дооформување на центрите за регионален рамномерен развој, со цел да се обезбеди порамномерен регионален развој низ целата држава;

- Трансфер на правото на сопственост на сите објекти за спорт и култура на општината.

# Инфраструктура

## Гасификација

***Проблем:***

Приоритетна потреба на граѓаните на општината Илинден е спроведување на проект за гасификација на општината. Спроведување на ваков проект е од неодложна важност и за граѓаните и за индустриските капацитети, главно, во сегментот на приватното стопанисување. Доводот на поевтини енергенси ќе придонесе кон помало оптоварување на буџетот на домаќинствата и на стопанскиот сектор. Дополнително, на тој начин ќе се создадат предуслови за проширување на постоечките капацитети како и за нови инвестиции, а тоа значи и нови работни места. Досегашната општинска власт сосема ги занемари потребите на граѓаните и стопанските субјекти за гасификација.

***Решение:***

Гасификацијата на општина Илинден е проект од витално значење за граѓаните на општината. Со поставување на гасоводната мрежа граѓаните би го решиле проблемот со затоплување на своите домови, а би се намалило и оптоварувањето на електричната мрежа што е еден од најзагрижувачките проблеми во општината.

Во текот на првите две години на мандатот (2013 – 2015) согласно законот за јавно приватно партнерство, ќе биде изработен детален проект и експертиза за гасификација на општината Илинден. Ќе биде формирано работно тело кое ќе биде задолжено за следење и спроведување на проектот за гасификација.

Во вториот дел од мандатот ќе отпочне спроведувањето на магистралната гасификациска мрежа. Во првата фаза на гасификацијата, приоритет ќе имаат индустриските зони, градинките и училиштата. Во втората фаза, гасификациската мрежа ќе ги зафати и домаќинствата во општината.

## Осветлување

Ќе го подобриме квалитетот и ќе ги осовремениме постојаните светлечки места преку воведување на штедливи сијалици и систем за ефикасен мониторинг и управување со осветлувањето (осветлување по потреба) со што ќе се обезбеди дополнителна заштеда на електрична енергија.

Ќе го зголемиме бројот на светлечки места во населени места, со поставување канделабри кои ќе го подобрат изгледот на Општината и ќе ја подобрат безбедноста на движење на граѓаните во вечерните часови..

Ќе се залагаме за целосно исполнување на обврските од Меморандумот за соработка помеѓу ЕВН и ЗЕЛС со кој целосните команди за улично осветлување ќе се издвојат во посебни комадни ормари.

## Водовод и канализација

Ќе се грижиме за постојано, стручно и рационално одржување и реконструкција, доградба и осовременување на постоечките водоснабдителни системи во општината. Покрај тоа, ќе се залагаме и за трајно обезбедување на чиста вода за пиење во сите населени места во нашата општина.

Ќе се залагаме за трајно решавање на проблемот со атмосферската и фекална канализација во сите населени места во нашата општина, најпрвин во Илинден, Марино, Кадино и  Мралино, а потоа и во Миладиновци, Бујковци и Мршевци. Во склоп на канализационите системи ќе бидат изградени и прочистителни станици со што ќе обезбедиме заштита на природните водни текови, подземните води и земјоделското земјиште.

Ќе оформиме комисија која ќе утврди дали досегашната активност со одводна канализација е во ред, бидејќи промашување на котата од десетина сантиметри и неможноста од проток не ни дава за право да веруваме во исправноста и надзорот на овој проект.

# Урбанизам

Согласно законските надлежности имаме визија за плански развоен процес кој ќе го подобри квалитетот на живот на граѓаните, а во исто време општината ќе ја направи модел за успешна, урбана, економски напредна и социјално одговорна општина. Сето ова ќе го направиме преку:

- Измени и дополнување на Генералниот урбанистички план за отстранување на тесните грла заради развој на примарниот сообраќаен систем, реалната намена на просторот во фукција на локалниот економски развој, квалитет на уредување и хуманизација на просторот, заштита и унапредување на животната средина;

- Континуирано пратење и интервенции за изменување и дополнување на постоечките планови, донесување на нови урбанистички планови и урбанистичка документација на населени места за кои нема никаква планска докиментација, а согласно локалните интереси и потреби, притоа почитувајќи ги стандардите за урбанистичко планирање;

- Донесување на урбанистички планови за нови зони наменети за стопански капацитети;

- Воведување на едношалтерски ситем во одделението за урбанизам за едноставен и брз принцип на издавање на градежни дозволи и други и урбанистички документи;

- Конституирање на совет од стручни лица кои со своите предлози, сугестии и мислења ќе допринесат во средување на хаосот во градежништвото;

- Итно решавање на сите заостанати градежни предмети кои чекаат на решавање подолго од предвиденото.

- Поправка на тротоари

Ќе обезбедиме современо уредување на тротоарските зони во општината и во сите населени места кои покрај основната функција за која се наменети ќе дадат и дополнителен естетски изглед на истите со приоритет до основните училишта.

- Зелени катчиња и места за рекреација

Ќе формираме нови зелени површини во општината и ќе го поттикнеме озеленувањето и хортикултурното уредување пред објектите за колективно домување и парковите.

Општината ќе посвети посебно внимание на подобрување на состојбата со урбаната опрема, преку:

- Ревитализација на постојаните и изградба на нови детски игралишта со потребните детски реквизити;

- Изградба на маалски спортски игралишта;

- Поставување на клупи, канти за отпадоци и осветлување во парковите и на површините наменети за шетање и рекреација

- Уредување и поставување на урбана опрема во рекреативните и излетнички места, особено на патеката Илинден-Ајватовци.

## Сообраќај

- Изградба, пробивање и асфалтирање на улици и патишта

Сообраќајот, патната инфраструктура и паркинг просторот претставуваат едно од најголемите ограничување на граѓаните. Поради тоа во периодот од 2013-2017 год ќе се посветиме на квалитетно подобрување на улиците во населените места како и на локалната патна мрежа помеѓу населените места во општината.

Приоритет ќе ни биде рехабилитацијата на патните правци Маџари-Илинден-Марино-Кадино-Мралино, Миладиновци-Бујковци-Мршевци-Бучинци, Дељадровци-Текије, како и Мршевци-Бунарџик-Ајватовци).

Дополнително, ќе пристапиме и кон поправка, асфалтирање и пробивање на сите споредни улички во сите населени места со цел да се решат тесните грла во сообраќајот, но и поставување на соодветна вертикална и хоризонтална сигнализација која секогаш ќе биде во функција на безбедноста на учесниците во сообраќајот.

- Паркинзи

Со цел надминување на проблемите со паркирањето, новиот совет на општина Илинден ќе основа јавнио претпријатие за паркинг.

## Пазари

Согледувајќи ја потребата на граѓаните на општината, во најкраток можен рок ќе оформиме површина за пазар на мало (зелен пазар на мало, пазар на големо и сточен пазар) во согласност со новите стандарди за безбедност на храна, со цел истите да бидат поблиску и полесно достапни на граѓаните.

# Инвестиции и економски развој

## Капитални инвестиции

ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Ќе се заложиме и ќе работиме на осовременување на противпожарната заштита на ниво на општината со цел да обезбедиме највисоко ниво на заштитата на граѓаните. Ќе обезбедиме модерна противпожарна служба способна за брзи иефикасни интервеции преку:

- Набавка на едно ново противпожарно возило;
- Набавка на современа техничка опрема;
- Вработување и обука на 5 пожарникари;
- Формирање на општински служби за заштита и спасување со екипирање на едуциран кадар.

## Економски развој

Локалниот економски развој се наметнува како врвен приоритет за надминување на економските проблеми на жителите. Затоа ние целосно ќе се посветиме на:

- Пренесување на надлежноста за управување со градежното и земјоделското земјиште на општините;
- Јакнење на локалните капацитети и надминување на разликите во развојот помеѓу населените места во општината;
- Подобрување на квалитетот на човечки ресурси и инкорпорирање на принципот на доживотно учење, бидејќи современите текови ја менуваат техничко технолошката основа на работата и затоа е неопходно усовршување во текот на целиот работен век;

- Подобрување на капацитетите на државните службеници задолжени за изработка на проекти со цел постигнување повисок степен на искористеност на претпристапните фондови на Европска унија наменети за Република Македонија;
- Ефикасно искористување на локалните потенцијали и ресурси преку целосна поддршка на локалната самоуправа за мали иновативни компании;
- Обезбедување на бескаматни кредити за мали и семејни бизниси;
- Ќе ја укинеме обврската за плаќање на фирмарина во првата година од основање на фирмата
- Ќе преземеме напори и ќе предложиме конкретни мерки за вклучување на приватниот сектор преку формата на јавно-приватно партнерство со цел зајакнување на општата локална состојба и отварање на нови работни места
- Општинската политика за вработување ќе ја збогатиме со активни мерки за вработување (јавни работи, преквалификација, поддршка за самовработување)
- Најмалку еднаш годишно ќе организираме бизнис форум меѓу стопанствениците од општината и стопанственици од странски општини и држави.

За потикнување на нови инвестиции во производствени погони во општината ќе овозможиме олеснување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште (комуналии) до 80% во зависност од 9 критериуми

- висината на инвестицијата
- бројот на нови вработувања
- бројот на вработувања на високо образовен кадар
- користењето на суровини од домашно (локално) потекло
- големината на пазарот
- процентот на извоз

- производството на готов или полуготов производ
- воведувањето на нова технологија и креирање на нови асртимани на производи
- еколошкиот аспект на производниот погон

## ЗЕМЈОДЕЛИЕ

Ќе создадеме услови за поддршка на земјоделците, земјоделските здруженија и други облици на здружување на земјоделците преку:

- Поддршка на земјоделските здруженија во соработка со исти такви здруженија од други држави со кои нашата локална власт остварува соработка;
- Изградба на потребната инфраструктура за подобрување на земјоделието и земјоделското производство;
- Ќе ги поддржиме земјоделците и фармерите кои ќе бидат заинтересирани за производство на органска храна;
- Ќе поддржуваме проекти за производство на одредени култури типични и автохони за нашиот регион.
- Ќе инвестираме во подобар систем за наводнување.

## ТУРИЗАМ

Изработка на современ промотивен материјал за општината.

Формирање на туристички инфо точки и туристичко информатиен центар.

Промовирање на туризмот како профитабилен бизнис и постојана едукација на населението во руралните области за развој на селски туризам.

Изградба на пешачка зона од Илинден и Ајватовски Рид.

Обука на 3 млади лица за општински туристички водичи.

# Подобри услуги за граѓаните

## Администрација

Воведување на бесплатна телефонска линија со цел брзо решавање на сите проблеми во општината.

Промена на работното време во ДВОСМЕНСКО со цел подобрување на услугите на граѓаните кои работат покасно од 15 часот.

- СИСТЕМ 48* И ВОВЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРИЗАЦИЈА

Во рок од една година ќе го воведеме Системот 48 - Систем на добро управување и одговорност кој ќе служи за откривање на проблемите во управувањето со локалната самоуправа. Системот 48 е заснован на благовремено и точно информирање како и брза реакција од општинските служби. Овој систем во суштина значи воведување едноставен начин на пријавување (телефонски повик,смс порака, е-таб и сл.) на сите проблемите од областа на јавното осветлување, јавната чистота, водоснадбувањето, одржувањето на патиштата и слични прашања од надлежност на локалната самоуправа и нивно решавање во рок од 48 часа.

## Јавен превоз

Организирање на јавен градски превоз на локално ниво кој ќе врши превоз на граѓаните во општината во кружен тек, на релација Илинден-Марино-Кадино,Миладиновци-Мршевци-Текија-Дељадровци.

Создавање услови за подобрување на такси превозот во вечерните часови и елиминирање на дивите таксисти од пред дискотеките.

# Квалитетен живот

## Екологија и зеленило

Заштитата на животна средина е еден од приоритетите на Сојузот за Иднина. Илинден ќе биде еколошки одговорна општина, со еколошки одговорно стопанство и еколошка свест втемелена на едуцирани и одоворни граѓани.

Во наредните 4 години во центар на вниманието ќе ја имаме заштитата на човековата околина. Затоа:

- Ќе направиме доследна реализација на Локалниот еколошки акционен план на Општина Илинден;
- Ќе воспоставиме соработка и ќе им обезбедиме помош на сите невладини организации кои се носители на бројните јавни кампањи за заштина на животната средина и подигање на јавната свест;
- Ќе создадеме услови за едукација на населението за вршење на примарна селекција на отпадот;
- Во секое населено место ќе обезбедиме организирано собирање и отсранување на комуналниот отпад;
- Ќе се залагаме за систематско и организирано пошумување кое ќе обезбеди трајна вредност за жителите на општината;
- Ќе се залагаме за искористување на алтернативни извори на енергија (сончеви колектори, ветерници и геотермална енергија);
- Поттикнување и подобрување на рационална употреба на природните ресурси со кои располага Општина Илинден;
- Ќе изготвиме петгодишна програма на мерки кои ќе придонесат за заштеда на електричната енергија и топлинска енергија.
- Ќе обезбедиме услови за максимално учество на јавноста во креирање на политиката за уредување на животната средина во согласност со законските норми и целосно решавање на проблемите со загадувачите ОКТА, МАКПЕТРОЛ и сл.

# Образование

Ќе обезбедиме образование достапно за секој поединец без оглед на полот, религиозната, етничката, политичката, како и здравствена, финансиска и социјална состојба.

Развојот е наша цел, а образованието е најсилен развоен фактор. Образованието ќе биде организирано на начин кој ќе обезбеди економски, културен и социјален развој на општината. Поради тоа ќе инвестираме во подобрување на условите во сите основни и средни училишта на територијата на општината преку:

- обезбедување на услови за квалитетна целодневна работа
- подобрување на осветлувањето на пристапите до училиште и во самите училишни дворови.
- зголемување на безбедноста на и во училишните дворови
- реконструкција на санитарните јазли во училиштата
- решавање на проблемот со превозот на учениците
- создавање на еднакви можности за образование во општината меѓу урбаните и руралните средини, при што ќе се внимава на разликите во квалитет на наставниците како и условите за учење
- обезбедување пристап до образовните установи на лицата со посебни потреби.

# Спорт

Ќе го потикнуваме и финансиски ќе го подржиме масовниот и квалитетен спорт, но и ќе создадеме услови за рекреативни активности на граѓаните

Ќе ги поддржуваме сите спортски здруженија во нивните зацртани спортски активности и манифестации преку посебен општински фонд

Ќе ги ослободиме сите приватни субјекти од обврската за плаќање на комунален надосток при изградба на спортски терени и објекти.

1% од општинскиот буџет ќе го намениме за подршка на спортските клубови со посебен осврт во финасирањето на младите категории, телесно инвалидизираните лица и индивидуалните спортисти.

Ќе воведеме општинска спортска стипендија за 4 спортисти од индивидуалните спортови кои постигнале значајни разултати на меѓународен план.

Ќе ги помагаме сите спортски клубови кои ја афирмираат општината при нивни настапи во меѓуопштински рамки.

Ќе воведеме годишно општинско признание за компании кои го помагаат спортот

Секоја година ќе организираме спортска манифестација ИЗБОР ЗА НАЈДОБАР СПОРТИСТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Ќе се залагаме за враќање во општинска сопственост на сите спортски објекти кои се градени со самопридонес од граѓаните на општината.

Ќе изградиме велосипедска и трим патека на територијата на Општината.

# Млади

Младите не се категорија за која треба само да се води грижа, туку младите треба да бидат активни чинители во локалната заедница. Младите на Општина Илинден и требаат сега и овде и затоа СОЈУЗОТ ЗА ИДНИНАТА ќе ја реализира својата програма преку која тие ќе станат активни чинители во нејзиниот развој.

- Во соработка со невладиниот сектор редовно ќе орагнизираме обуки за проектен менаџмент со цел да им овозможиме на младите луѓе да се стекнат со знаење за подготовка и имплементација на проекти финансирани од фондовите на Европската унија. Преку оваа активност ќе им овозможиме на младите луѓе многу брзо да стекнат сопствени приходи, искуства, организациски и комуникациски вештини, да и помагаат на сопствената општина и интелектуално да се усовршуваат.

- Ќе формираме општинско тело во кое ќе учествуваат младите од основните и средните училишта. 60 млади луѓе ќе го сочинуваат детскиот парламент на Општина Илинден. Детскиот парламент, во соработка со општинскиот совет, ќе одлучува каде да се потрошат 5% од капиталните расходи на општинскиот буџет.

- Ќе формираме општински фонд за стипендирање на 10 најуспешни студенти во оние области кои се дефицитарни за општината.
- Локалната самоуправа ќе ги поддржува проектите на младинските организации кои работат на превентивни програми за намалување на зависниците од дрога, алкохол и цигари. Исто така ќе ги подржуваме младинските проекти за превентивна здравствена заштита, ХИВ/СИДА, сексуално преносливи болести, рана бременост и сл.

## Социјална заштита на ранливи групи

Ќе развиеме механизми запрепознавање на специфичните потреби на најранливите групи на граѓани кои живееат на територијата на Општина Илинден и во согласност со потребите

- Ќе формираме општински социјален фонд со кој ќе им помагаме на социјално најзагрозените.
- Ќе обезбедиме посебна поддршка за лицата со посебни потреби и изработка на општински програми за нивно вработување
- Ќе формираме дневни центри и тераписки заедници за лица корисници на дрога, алкохол и други психотропни супстанци заради нивна побрза ресоцијализација.
- Ќе се залагаме за изградба и формирање на дневен центар и дом за стари лица.
- Ќе ги развиеме и подобриме условите за престој и згрижување во детската градинка.

# Култура

Нашата визија е Општина Илинден да прерасне во успешна и динамична заедница која ќе го штити, чува и унапредува своето културно наследство, а ќе ја негува и афирмира својата традиција, духовност и различност

- Организирање на годишна манифестација ДЕНОВИ НА КУЛТУРА
- Афирмација на културниот туризам и потикнување на разновидни форми на културно творештво преку манифестации и културни споменици
- Враќање на улогата и намената на домовите на култура во населените места.
- Административна и финансиска поддршка за промоции на книги, изложби и други активности на културните работници.